23.	Техничко образование и информатика	Гордана Велкова	15 ученици 6 одд	**Дабар 2025-**Интернационален натпревар за алгоритамско размислување	Пофалница
24.	Англиски јазик	Даниела Перић	Јана Ацковиќ 7-б	Општински	учество
25.	Англиски јазик	Даниела Перић	Ангела Поповска 9-б	Општински	учество
26.	Англиски јазик	Александра Ѓаковиќ	Јаков Бајовски V одд.	Општински	учество
27.	Англиски јазик	Александра Ѓаковиќ	Александар Бичиклиски Вучковски VI-б	Општински	учество

28.	Географија	Благица Гогова	Јана Балшиќевска	Натпревар во област географија на настанот „Ноември-месец на науката“ ПМФ	III награда
29.	Географија	Благица Гогова	Андреј Чакалиќ	Натпревар во област географија на настанот „Ноември-месец на науката“ ПМФ	III награда
30.	Географија	Благица Гогова	Дамјан Пејковски	Општински	1 место
31.	Географија	Благица Гогова	Марко Тапарчевиќ	Општински	Пофалница за учество
32.	Географија	Благица Гогова	Александар В.Бичиклиски	Општински	Пофалница за учество
33.	Географија	Благица Гогова	Николај Урдаревиќ	Општински	Пофалница за учество
34.	Географија	Благица Гогова	Јане Корбалиевски	Општински	Пофалница за учество
35.	Географија	Благица Гогова	Анџело Мирковиќ	Општински	Пофалница за учество
36.	Географија	Благица Гогова	Лазар Беличевски	Општински	1 место
37.	Географија	Благица Гогова	Мила Урдаревиќ	Општински	2 место
38.	Географија	Благица Гогова	Јована Спирова	Општински	Пофалница за

					учество
39.	Географија	Благица Гогова	Јана Балшиќевска	Општински	1 место
40.	Географија	Благица Гогова	Андреј Чакалиќ	Општински	Пофалница за учество
41.	Географија	Благица Гогова	Ангела Поповска	Општински	Пофалница за учество
42.	Географија	Благица Гогова	Дамјан Пејковски	Регионален	Пофалница за учество
43.	Географија	Благица Гогова	Лазар Беличевски	Регионален	Пофалница за учество
44.	Географија	Благица Гогова	Мила Урдаревиќ	Регионален	Пофалница за учество
45.	Географија	Благица Гогова	Јана Балшиќевска	Регионален	Пофалница за учество
46.	Екологија	Благица Гогова	Јана Балшиќевска	Отворен конкурс на ГУЦ: „Вашата визија - наша реалност“	1 место
47.	Екологија	Благица Гогова	Андреј Чакалиќ	Отворен конкурс на ГУЦ: „Вашата визија - наша реалност“	1 место
48.	Географија	Благица Гогова	Јана Балшиќевска	Научен саем организиран од Maarif International Schools - Тетово	2 место

49.	Географија	Благица Гогова	Андреј Чакалиќ	Научен саем организиран од Maarif International Schools - Тетово	3 место
50.	Физичко и здравствено образование (фудбал)	Стефан Ацковски	1.Дамјан Каскаревски 2.Марио Каимовски 3.Михаил Левајковски 4.Матеј Калемџиски 5.Михаил Смоковски 6.Марко Тапарчевиќ 7.Давор Шолиовски 8.Кристијан Љубовчевиќ 9.Александар Вучковски Бичиклиски	Општински	1. место
51.	Физичко и здравствено образование (одбојка)	Стефан Ацковски	1.Анастасија Пршевска 2.Илина Живановска 3.Јана Блашиќевска 4.Тамара Љубевска	Општински	2. место

			5.Мила Урдаревиќ 6.АнаМарија Варсакевска 7.Никита Џепиќ 8.Илина Левајковска 9.Цвете Гиноска 10.Вања Варсакевска		
52.	Физичко и здравствено образование (улична трка)	Стефан Ацковски	1.Бисера Грујевска	Општински	2. место
53.	Физичко и здравствено образование фудбал	Александар Пирковски	1. Милош Жежовиќ 2. Јаков Бајовски 3. Дамјан Поповски 4. Лука Горановски 5. Благојче Пршевски 6. Максим Славковски	Регионален Проект Плазма – Спортски игри за млади Зона Север	4 место
54.	Физичко и	Александар Пирковски	1.Јелена Миленковиќ	Регионален	4 место

	здравствено образование Ракомет		2.Сара Тапарчевиќ 3.Теона Русовска 4.Тамара Љубевска 5.Јасна Миленковиќ 6.Илина Живановска 7.Анастасија Пршевска 8.Мила Кајевиќ 9.Сара Бундовска	Проект Плазма – Спортски игри за млади Зона Север	
55.	Физичко и здравствено образование фудбал	Александар Пирковски	1.Матеј Калемџиевски 2.Марио Каимовски 3.Михаил Левајковски 4.Михаил Смоковски 5.Давор Шолијевски 6.Марко Тапарчевиќ 7.Христијан Љубовчевиќ	Регионален Проект Плазма – Спортски игри за млади Зона Север	3 место
56.	Физичко и здравствено образование Кошарка	Александар Пирковски	1. Михаил Левајковски 2. Матеј Калемџиевски 3. Матеј Стојковиќ	Регионален Проект Плазма – Спортски игри за млади Зона Север	2 место

57.	Физичко и здравствено образование одбојка	Александар Пирковски	1.Ана Марија Варсаќевска 2.Анастасија Пршевска 3.Мила Урдаревиќ 4.Илина Левајковска 5.Цвете Гиновска 6.Илина Живановскаќ 7.Никита Џепиќ	Регионален Проект Плазма – Спортски игри за млади Зона Север	2 место

Секции/клубови

Во училиштето активно функционираат сите ученички секции: ликовна, литературна, историска, спортска итн. Во училиштето активно функционира училишниот хор и оркестар кој работи со мандолини и гитари, кои својата работа ја покажуваат на повеќе училишни настани, вклучувајчи приредби по различни празници,новогодишна приредба,патронен празник и слично.Секој одговорен наставник на крајот на учебната година достави извештај за работата на својата секција.

Акции

Акциите како воннаставни активности имаат општествен, хуманитарен и едукативен карактер. Оваа учебна година се организираа неколку акции во училиштето, како и во соработка со надворешни лица.

Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на наставниците и стручната служба претставува значаен фактор за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Во текот на учебната 2025/2026 година континуирано се реализираа активности насочени кон стручно усовршување, јакнење на професионалните компетенции и следење на современите образовни текови преку учество на обуки, семинари, работилници, вебинари и други форми на професионален развој. Овие активности придонесоа за подобрување на наставната практика и за поефикасно остварување на воспитно-образовните цели на училиштето.

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
1.1	Валентина Пешевска	Планирање и реализација на наставата по биологија согласно новите наставни програми за 7 одд.	БРО	4 часа	25.06.2026г.	Евиденција на БРО и МОН
1.2	Валентина Пешевска	Едукативна сесија за наставници на тема: Улогата на училиштето во заштита на учениците и механизмите на поддршка(Дигитална безбедност)	Прва детска амбасада Меѓаши Министерство за дигитална трансформација	2	18.11.2025год	Евиденција на училиштето Министерство за дигитална трансформација

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
1.3	Валентина Пешевска	ОХР	МОН	3	01. 2026год	Евиденција на училиштето МОН
1.4	Валентина Пешевска	Десеминација на Еразму+проектот „Together, we can'' Мобилност Евиденција на училиштето реализирана во Романија	Координатор на тимот на Еразмус+ проектот „Together, we can''	1	13.02.2026 год	Евиденција на училиштето И координаторот на проектот „Together, we can''
1.5	Валентина Пешевска	Десеминација на резултатите од државното тестирање спроведено во 2024 год. За учениците од 5 одд.	Стручна служба на училиштето	1	07.04.2026год	Евиденција на училиштето
1.6	Валентина Пешевска	Десеминација на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот	Училишниот тим на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот	1	09.04.2026год.	Евиденција на училиштето

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
		универзум,, (мобилност реализирана во Турција)	универзум,,			
2.1	Благица Гогова	Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки	Национаална агенција за европско образование	3	14.10.2025 год.	Сертификат
2.2	Благица Гогова	Вештачка интелигенција во образованието	МОН	6	24.4.2026 год	Сертификат
3.1	Наташа Кипријановиќ	Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки	Национаална агенција за европско образование	3	14.10.2025 год.	Сертификат
3.2	Наташа Кипријановиќ	Безбедност на интернет	Меѓаши МК safenet MCSN	/	17.11.2025	/
3.3	Наташа Кипријановиќ	Свесно родителство	Наташа Кипријановиќ	/	29.10.2025	/
4.1	Маја Тапарчевиќ	Seventh educonference	Пријатели на образованието	/	27-28.09.2025	Сертификат
4.2	Маја Тапарчевиќ	Environmentalist steps in the virtual universe	Erasmus+	/	29.09-03.10.2025	Сертификат
4.3	Маја Тапарчевиќ	Вовед во еТвининг	Национаална	3	14.10.2025	Сертификат

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
		платформата и употреба на дигитални алатки	агенција за европско образование			
4.4	Маја Тапарчевиќ	Литература за деца и млади	Издаваштво "Чудна шума"	1	21.01.2026	Сертификат
4.5	Маја Тапарчевиќ	Како да поддржиш и препознаеш ученик со тешкотии во учењето	Здружение за дислексија Ајнштајн	2	22.04.2026	Сертификат
4.6	Маја Тапарчевиќ	Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците	Биро за развој на образование	10	08-09.06.2026	Сертификат
4.7	Маја Тапарчевиќ	Нарачка на учебници	Педагошка служба	/	24.04.2026	/
5.1	Гордана Велкова	Обука на тема: Планирање и реализација на наставата по математика согласно новите наставни програми за VII (седмо) одделение	Биро за развој на образование	3	02.07.2025 год. 03.07.2025 год.	Евиденција на БРО и МОН

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
5.2	Гордана Велкова	Обука на тема: Вовед во еТвининг платформата и употреба на дигитални алатки (Canva, Padlet, WordArt...)	**еТвининг одделение** Сектор за координација и реализација на европски програми и мрежи	3	14.10.2025 год.	Сертификат
5.3	Гордана Велкова	Едукативна сесија за наставници на тема: Улогата на училиштето во заштитата на учениците и механизмите за поддршка (Дигитална безбедност)	Прва детска амбасада Меѓаши Министерство за дигитална трансформација	2	18.11.2025 год.	Евиденција на училиштето и Министерство за дигитална трансформација
5.4		Дисеминација на	Координатор на	1	13.02.2026 год.	Евиденција на

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
	Гордана Велкова	Еразмус+ проектот „Together , we can!" (мобилност реализирана во Романија)	тимот на Еразмус+ проектот „Together , we can!"			училиштето и координаторот на тимот на Еразмус+ проектот „Together , we can!"
5..5	Гордана Велкова	Обука на тема: Генеративна вештачка интелигенција во образование	Министерство за образование и наука ИНОФЕИТ ЕДИХ	6	02.04.2026 год. 03.04.2026 год.	Сертификат
5.6	Гордана Велкова	Дисеминација на резултатите од државното тестирање спроведено во 2024год. за учениците од V одделение	Стручната служба на училиштето	1	07.04.2026 год.	Евиденција на стручната служба на училиштето
5.7	Гордана Велкова	Дисеминација на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот универзум" (мобилност реализирана во Турција)	Училишниот тим на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот универзум"	1	09.04.2026 год.	Евиденција на училиштето и тимот на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот универзум"

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
6.1	Николина Ѓорчевска	Планирање и реализација на наставата по математика согласно новите наставни програми за VII (седмо) одделение	Биро за развој на образование	6	02.07.2025 год. 03.07.2025 год.	Евиденција на БРО и МОН
6.2	Николина Ѓорчевска	Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините за сајбер безбедност	"Dig-ed"- Центар за иновации и дигитализација на образованието,	8	29 август 2025	Сертификат за креирање отворени образовни ресурси
6.3	Николина Ѓорчевска	Подготовка за макро и микро планирања и наставни материјали (работни листови) кои интегрираат активности за учење по математика и информатика за ученици со попречено	Пријатели на образованието	6	28 септември 2025	Сертификат за присуство
6.4	Николина Ѓорчевска	Едукативна сесија за наставници на тема: Улогата на училиштето во заштитата на учениците и механизмите за	Прва детска амбасада Меѓаши Министерство за дигитална трансформација	2	18.11.2025 год.	Евиденција на училиштето и Министерство за дигитална трансформација

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
		поддршка (Дигитална безбедност)				
6.5	Николина Ѓорчевска	Примена и потенцијал на вештачката интелигенција во наставата по математика и природни науки за ученици со индивидуални образовни програми	Природно математички факултет	4	28.11. 2025	Сертификат за презентер на акциско истражување
6.6	Николина Ѓорчевска	Обука за наставниците за интегрирање на финансиската едукација во редовната и додатната настава по математика	Природно математички факултет	8	29.11. 2025	Сертификат за присуство
6.7	Николина Ѓорчевска	- Правила и насоки за работата на општествено хуманитарна работа во основните училишта	БРО и ООУ„Александар Урдаревски“	2	26 декември 2025	Евиденција на училиштето
6.8	Николина Ѓорчевска	Дисеминација на Еразмус+ проектот „Together , we can!” (	Координатор на тимот на Еразмус+ проектот	1	13.02.2026 год.	Евиденција на училиштето и координаторот на

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
		мобилност реализирана во Романија)	„Together , we can!”			тимот на Еразмус+ проектот „Together , we can!”
6.9	Николина Ѓорчевска	Дисеминација на резултатите од државното тестирање спроведено во 2024год. за учениците од V одделение	Стручната служба на училиштето	1	07.04.2026 год.	Евиденција на стручната служба на училиштето
6.10	Николина Ѓорчевска	Дисеминација на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелниот универзум“ (мобилност реализирана во Турција)	Училишниот тим на Еразмус+ проект„Еколошки чекори во виртуелен универзум“	1	09.04.2026 год.	Евиденција на училиштето и тимот на Еразмус+ проектот „Еколошки чекори во виртуелен универзум“
6.11	Николина Ѓорчевска	„Подобрување на потребните компетенции на наставниците“	CES Академија	4	04.05.2026	Евиденција на училиштето и тимот на CES Академија
6.12	Николина Ѓорчевска	Интерна обука за креирање онлајн анкети со користење на Google Forms	ООУ„Александар Урдаревски“	1	12.05.2026	Евиденција на училиштето
6.13	Николина	Начин на внесување на	БРО	2	22.05.2026	Евиденција на

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
	Ѓорчевска	слободните изборни предмети во е-дневникот и нивен избор од страна на родителите.				училиштето
6.14	Николина Ѓорчевска	Дисеминација на обука за начин на внесување на слободните изборни предмети во е-дневникот	ООУ„Александар Урдаревски“	1	27.05.2026	Евиденција на училиштето
7.1	Сузана Левајковска	Литература за деца и млади	Издаваштво „Чудна шума”	1 час	21.01.2026	Сертификат
7.2	Сузана Левајковска	„Како да поддржиш и препознаеш ученик со тешкотии во учењето„	Здружение за дислексија Ајнштајн	2 часа	22.04.2026	Сертификат
7.3	Сузана Левајковска	„Зошто моето дете се мачи со учење? Дислексија, внимание и тешкотии во учењето”	Здружение за дислексија Ајнштајн	2 часа	28.04.2026	Сертификат
7.4	Сузана Левајковска	„Како да ги препознаеме учениците со дискалкулија и АДХД”	Здружение за дислексија Ајнштајн	2 часа	06.05.2026	Сертификат
7.5	Сузана Левајковска	„Инклузивно кариерно насочување и подготовка за интервју за работа кај млади со специфични на	Здружение за дислексија Ајнштајн	2 часа	12.05.2026	Сертификат

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
		тешкотии во учењето"				
7.6	Суузана Левајковска	Интеграција на зелени и дигитални вештини во наставната пракса-дигитални образовни алатки	Министерство за образование и наука	6 часа	5-6 мај 2026 година	Сертификат
8.1	Гордана П.Чанговска	Превенција на сексуално насилство врз деца	Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), Народниот правобранител на Република Северна Македонија (НП) и со поддршка на Бирото за развој на образованието (БРО)	4	02.03.2026	Сертификат
8.2	Гордана П.Чанговска	Обука за резултатите и препораките од Државното тестирање за V одделение,	Државен испитен центар	2	11.02.2026	Сертификат
8.3	Гордана П.Чанговска	Напредна обука за методи, техники и инструменти за советување и професионална ориентација на учениците	БРО	10	08-09.06.2026	Сертификат
8.4	Гордана	Вовед во ЕТвининг	Етвининг одделение	3	14.10.2025	Сертификат

Реден број	Име и презиме на наставник	Тема на обука	Организатор на обука	Времетраење (часови)	Датум на одржување на обуката	Вид на издаден сертификат
	П.Чанговска	платформа и употреба на дигитални алатки				
9.1	Александра Ѓаковиќ	Инклузија на деца со посебни образовни потреби	Отворете ги прозорците	18	09.2025	Сертификат
9.2	Александра Ѓаковиќ	Seventh educonference for teachers and IT experts	Friends of education	/	27-28.09.2025	Сертификат
10.1	Валентина Сурловска	Инклузија на деца со посебни образовни потреби	Отворете ги прозорците	18	09.2025	Сертификат
10.2	Валентина Сурловска	Инклузија на деца со посебни образовни потреби	Отворете ги прозорците	/	27-28.09.2025	Сертификат

Грижа за здравјето на учениците и хигиената во училиштето

Цели и задачи : Оспособување на учениците за поздрав живот во училиштето, домот и локалната средина во која живеат.Обезбедување здравствена заштита и едукација на учениците и вработените

Реализирана програмска	Време на	Реализатор	Целна група	Постигнати цели и остварени ефекти

активност	**реализација**			
Осигурување на учениците	Септември, 2025	Училиште, осигурителна компанија, одделенскираков одители, родители	Ученици од 1-9 одделение	Надомест при евентуални повреди на ученикот.
Систематски преглед и ревакцинација МРП за I одд	10.10.2025 год.	Поликлиника Чаир, раководители на паралелки, ученици	Ученици од 1 одделение	Ревакцинација на учениците и заштита од одредени болести.
Ревакцинација(имунизација) за дифтерија,тетанус и детска парализа Ревакцина последна дифтерија тетанус пертусис +полио)	12.12.2025 10.10.2025	Поликлиника Чаир, Стручна служба одделенски раководители, родители, ученици	Ученици од 2 одделение 9то одд.	Редовна ревакцинација на учениците.
Систематски преглед	14.04.2026	Поликлиника Чаир	Ученици од 3то 5то одд.	Проверка на здравствената состојба на учениците. Вакцинација на учениците (доколку

Систематски преглед и ХПВ вакцина	09.04.2026	Одделенски раководители ученици	7мо одделение	имаат некоја пропуштена вакцина)
Стоматолошки преглед и залевање на забите	15.10.2025 12.11.2025 03.12.2025 13.02.2026 02.04.2026 29.04.2026	ОУ Александар Урдаревски одделенски раководители, родители, ученици	7 одд. 6то одд. 5то одд. 4то одд. 2 одд. 1 одд.	Редовна контрола на забите
Работилница на тема: „Јас одлучувам-здрави навики,без зависности“.	28.11.2025	Социолог	8мо и 9то одд.	Да се подигне свеста кај учениците за штетните последици од болестите на зависност и да се поттикне развивање на здрави животни навики и одговорно однесување.
Едукативно предавање : „Превенција од болести на зависности“ ХИВ	04.12.2025 04.12.2025	Едукатори од Црвен крст Чаир	8 одд 9 одд	Подигање на свеста кај младите за зависноста и последиците од истите Да се зголеми информираноста на учениците за ХИВ/СИДА, начините на пренесување и мерките за превенција, со цел развивање на одговорно однесување и заштита на здравјето.

Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Училиштето е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се укаже прва помош.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ **Реализирана програмска активност**	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Постигнати цели и остварени ефекти**
Усвојување на програмата за работа	Октомври 2025	Тим за планирање	Доделени задолженија на тимовите за елементарни непогоди.

Изработка на презентации, флаери за мерки за заштита од елементарни непогоди	Март 2026	Тим од одговорни наставници, ученици	Практична примена на мерките за заштита.
Вежба за евакуација на учениците од одделенска и предметна настава	20.05.2026	Тим од одговорни наставници, ученици	Практична примена на мерките за заштита.

Ученички екскурзии и излети

Цели: Проширување на стекнатите знаења, примена на вештини и ставови преку непосередно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, запознавање со културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Задачи: Истражување на објекти во природата, поттикнување и нтерес за природата и развивање еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни предели, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот, развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување

и манифестирање позитивни емоции, социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

Во текот на учебната 2025/26 година од страна на училиштето беа реализирани следниве екскурзии:

1. 24.10.2025 год - Есенска еднодневна рекреативна екскурзија во Хиподром на која присуствуваа ученици од I-IX одд
2. 15-17.04.2026 год. Тридневна научно рекреативна екскурзија во Охрид на која присуствуваа учениците од IX одделение.
3. 14-15.14.2026 год. Дводневна научно рекреативна екскурзија во Дојран на која присуствуваа учениците од VI одделение.
4. 15-17.04.2026 год. Настава во природа за учениците од V одделение во Охрид
5. 07.05.2026 год.Рекреативна екскурзија во Маврово на која присуствуваа учениците од III одделение
6. 01.06.2026 год. -Пролетна еднодневна рекреативна екскурзија на која учествуваа учениците од I-IX одд одделение во Парк Шума – Гази Баба.

Опис на активностите:

- На есенската еднодневна екскурзија учениците беа со одделенските наставници и стручната педагошка служба во училиштето. Учениците се рекреираа со детски игри и прошетка низ Хиподром.
- Тродневната научно рекреативна екскурзија во Охрид се реализираше под менторство на класните раководители Благица Гогова и в.д.директорката Весна Вучковска. Учениците патуваа низ Западна Македонија со посета на изворот Вруток, Маврови Анови, посета на манастирите Свети Јован Бигорски и Рајчица и се запознаа со историјата на манастирите, изработка на иконостасите од страна на Мијачките мајстори Петре Гарката и неговата тајфа. Го запознаа и артефактот во кој се наоѓаат мошти на повеќе светители. Патувањето продолжи покрај вештачките езера Шпиље и Глобочица ја видоа и браната на Шпиље. Потоа учениците го посетија Вевчани и беа запознаени со

манифестацијата Вевчански карневал кој традиционално се одржува на празникот Водици на 19 Јануари. Вториот ден од екскурзијата учениците го посетија Музејот на коските и црквата Свети Наум.Третиот ден учениците беа во посета на Плаошник, стариот амфитеатар, Самоилувата тврдина, манастирот Канео, црквата Света Софија, Куќата на Робевци и Старата чаршија на град Охрид.

- Настава во природа за учениците од 5 одделение беше реализирана во склоп на тридневната екскурзија за 9 одд со одговорните наставници Гордана Димитриева и Кристина Јаневска.
- Дводневната научно рекреативна екскурзија учениците се реализираше под менторство на класните раководители Зорица Пршевска и Николина Ѓорчевска.Со реализацијата на оваа екскурзија со општествено воспитно–образовен карактер се потврдија и утврдија веќе стекнатите знаења. Учениците ги усвоија суштинските, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста. Тие придонесоа кон развивање на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, како и кон другите народи и држави. Се продлабочи нивниот интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси, а истовремено беа поттикнати дружењето и забавата. Беше реализирана посета на манастири, цркви и други знаменитости; разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот; реализација на спортски активности; организирана забава и дружење во текот на екскурзијата.
- Рекреативната екскурзија во Маврово на која присуствуваа учениците од трето одделение се реализираше под менторство на в.д. Директорката Весна Вучковска и одделенските раководители Ана Гурмешевиќ и Кристина Јаневска. Учениците патуваа низ Западна Македонија со посета на Маврови Анови, посета на мавровското езеро. Екскурзијата беше успешно реализирана и учениците ја исполнија целта на екскурзијата.
- Пролетната реакреативна екскурзија се реализираше под менторство на одделенските наставници во Парк шума Гази Баба. Целта на излетот беше учениците да се дружат, спортуваат и рекреираат.

ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Цели и задачи:

Цел: Професионално насочување на учениците во понатамошното школување.

Задачи: Континуирано подтикнување на учениците за размислување на избор на професијата

која го интересира од 1 до 9 одделение. Осознавање на учениците за постигнатиот успех во училиште и способностите кои ги поседува како битни фактори при избор на својата идна професија.

Реализирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Целна група**	**Постигнати цели и остварени ефекти**
Професионално насочување на учениците од 1-во до 9-то одделение во изборот на нивната професија	Во текот на првото полугодие	Одделенски раководители од 1-во до 9-то одд.	Учениципод I до IXодд.	Создавање навика за размислување на учениците од најмала возраст за Изборот на одредено занимање за кое би имале интерес да работат.
Давање на материјал на раководителите на паралелките од 9-то одд. Конкурс за запишување на ученици од деветто одделение во Средни стручни училишта и Гимназии во учебната 2026/27 година. Огласување на Конкурсот за уписи за 9-то одд. во печатена форма во холот на училиштето и објавување на фб страна на училиштето	Март /април, 2026	Социолог	Ученици од IXодд. и раководителите на паралелките на 9 -то	Информираност на учениците и од 9 то одделение за се што е потребно при упис на учениците во Средни стручни училишта и Гимназии во учебната 2026/27 година.

			одделение	
Презентација на средни училишта	Април-Мај 2026	Претставници од средните училиште во Скопје	Ученици од IXодд.	Презентација на условите за работа и условите за запишување во средните училишта.

Извештај за јавната и културната дејност во училиштето

1. 09.2025 год Свечен прием на првачиња (естетско уредување на училницата, училишниот двор, делење подароци)
2. 9.10.2025 Одбележување на Детската недела, со повеќе активности, свечен прием на првачињата со кратка приредба и рецитирање на песничката „Ветување“. Еден ден посветен на нашиот ученик Тео, во негова чест се засади дрво со пораки од неговите соученици, изработија рамка со слики и пораки за Тео.
3. 22.09.2024 год. Одбележување на 22 Септември Светскиот ден без автомобили, возење на велосипеди по одредена релација.
4.16.10.2025 Учество на 9тиот фестивал на „Сочни фигури“ кој се одржа во ДСУ „ Св Наум Охридски“ по повод Светскиот ден на здравата храна. Учениците од 4то одделение земаа учество со изработка на многу сочни фигури од овошје и зеленчук
5.23.12.2025 Реализирана новогодишна претстава „Марс...Венера“, во изведба на 3Г „Арт Култ-Ура“ за учениците од одделенска настава.

6. 25.12.2025г. Посета на домот за стари лица „Вита ВЕ“ со учениците од прво одделение. Преку песни, новогодишни честитки и лотарија нашите првачиња внесоа топлина и детска магија во домот за стари лица.
7. 29.12.2025 г. Реализирана Новогодишна приредба во училишниот хол. Со многу песни, ритмички точки, драматизација и рецитал учениците ја испратија старата година со желба за многу здравје, мир и благосостојба во новата година.
8. 08.04.2026г. Учество на спортски настан во ООУ,,Браќа Рамиз-Хамид” по повод Меѓународениот ден на Ромите
9. 05.05.2026г. Одбележување на Патрониот празник на училиштето
10. 03.06.2026г. Учество на Атлетски крос 2026 – Чучер Сандево.
11. 05.06—07.06.2026г. Учество на ликовната колонија ,,Денови на ликовна уметност 2026”..

Извештај за реализирани проектни активности во учебната 2025/2026 година

Како и минатите учебни години така и оваа учебна година училиштето реализира проекти и тоа проекти во рамките на Министерството за образование и наука и проекти кои ги предлагаат и реализираат нашите наставници.Секој наставник по своја иницијатива во месец Август поднесува програма во стручната служба за реализација на училишен проект. Стручната служба тековно ги следи активностите кои се реализираат во рамките на училишните проекти, а реализаторите се должни тековно согласно програмата да поднесуваат извештаи за реализираното.

ИЗВЕШТАЈ од работата на Еко одборот во учебната 2025/26 година

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

од работата на Еко одборот при ООУ „Александар Урдаревски“
во учебната 2025/26 година

На почетокот на учебната година Еко одборот изготви план на активности предвидени за реализација. Истиот се состоеше од активности, време на реализација и тим на реализација. Наставниците во своите планирања ја планираа и реализираа еко интеграцијата во наставниот процес. Во текот на првото полугодие се спроведоа голем број на активности кои произлегоа од работата на Еко одборот.

Активности кои се реализираа во текот на првото полугодие од учебната 2025/26 година се следните:

На 16.09.2025 година се одбележа светскиот ден за заштита на озонската обвивка. На учениците од училиштето им беше презентирана едукативна презентација за важноста на озонот со цел да се привлече вниманието за зачувувањето на озонот и поттикнување на најмалите да учествуваат во неговото зачувување.

На 25.09.2025 година учениците од нашето училиште реализираа еко-акција – чистење на училишниот двор и поблиската околина.

На 04.10.2025 година се одбележува светскиот ден за заштита на животните. Нашата земја е богата со биолошка разновидност, но многу видови се загрозени и се соочуваат со исчезнување поради лов, уништување на живеалишта и климатски промени. Некои од нив се: Кафеавата мечка (Ursus arctos) – еден од најголемите предатори во Европа; Балканскиот рис (Lynx lynx balcanicus) – симбол на нашата природа, но со бројност помала од 100 единки; Европскиот волк (Canis lupus) – често жртва на негативни предрасуди; Кавкаскиот пеликан (Pelecanus crispus) – редок вид птица кој гнезди и кај нас; Желката шарка (Testudo hermanni) – често загрозена од уништување на живеалиштата и илегална трговија. Учениците од нашето училиште проследија презентација за овие загрозени видови животни во Македонија со цел да се

потсетат колку е важно да се зачуваат овие уникатни суштества, затоа што со нивното исчезнување губиме дел од нашата природна и културна историја.

На 15 октомври – меѓународниот ден на пешачењето, учениците членови на еко-тимот, изработија флаер како свој допринос во поттикнувањето на свеста за придобивките од пешачењето.

16 октомври е меѓународен ден на храната. Целта е подигнување на свеста за глобалниот глад и неухранетост и како може да се стави крај на овие проблеми. Учениците од IV одделение учествуваа на 9-от фестивал „Сочни фигури“, кој се одржа во ДСУ „Св. Наум Охридски“ – Скопје, по повод Светскиот ден на здравата храна. Учениците со многу креативност подготвија свои „сочни“ фигури од овошје и зеленчук, покажувајќи дека здравата храна може да биде и вкусна и забавна!

На 21.10.2025 година се реализираше есенско садење во нашата училишна градина. Учениците од четврто одделение ја разубавуваа градината со нови есенски садници.

На ден 24.10.2025 година се реализираше еднодневен есенски излет во Хиподром со учениците. Целта на излетот беше учениците да се дружат, спортуваат и рекреираат. Главна цел е развивање на здравјето и здравиот начин на живеење, преку физички активности и престој на чист воздух.

На 26 јануари во соработка со Центарот за истражување на природата и културата Nature Expedition и здружение МРК Дијалог Скопје, поврзано со проект кој е поддржан од Амбасадата на Словачка и Slovak AID, во нашето училиште се реализираа две еко-работилници. Во првата активност учениците проследија краток документарен филм за кучето Караман, автохтон вид на македонското овчарско куче. Преку видеото се запознаа со неговото потекло, улога во чувањето на стадата и значењето што го има во македонската традиција. Караман не е само куче – тој е чувар, пријател и симбол на истрајност и верност. Целта на ваквите содржини придонесува учениците да ја запознаат и почитуваат природната и културната вредност на нашето поднебје. Втората работилница која се реализираше беше во врска со користењето на

лековити и ароматични растенија и подготовка на чаеви, масла и тинктури и нивно брендирање. Билкарството на Скопска Црна Гора претставува значаен дел од народната традиција и нематеријалното културно наследство на овој крај. Планинскиот предел, чистиот воздух и разновидната флора создале услови луѓето со векови да собираат и користат лековити билки за превенција и лекување. Во народната медицина на овој регион биле познати и користени: кантарион, камилица, нане, липа, мајчина душица, коприва, жалфија, бозел и др. Целта на оваа работилница со билки беше учениците да се запознаат со лековитите растенија од нашето подрачје, нивното значење во народната традиција и правилната употреба во секојдневниот живот. Преку практична и едукативна работа се поттикнува љубов кон природата, зачувување на традиционалното знаење и развивање свест за здрав начин на живот.

2 февруари – светскиот ден на водените живеалишта го одбележавме со нашите ученици преку дискусија за важноста на мочуриштата – природни филтри на водата, дом на бројни растенија и животни и заштита од поплави. Преку креативни активности, разговор и еко-пораки учевме како секој од нас може да придонесе за нивна заштита.

По повод 13 февруари кога е празникот Свети Трифун, со учениците ја запознавме традицијата на закројување на овошките и лозјата. Разговаравме зошто овој ден се смета за почеток на будењето на природата и како со правилно кроење се поттикнува здрав раст и богат род. Преку оваа активност учениците учеа за поврзаноста меѓу традицијата, природата и земјоделството, негувајќи почит кон народните обичаи и природните циклуси.

Учениците од 6а и 6б одделение спроведоа акција за чистење на поблиската околина на 24.02.2026 година.

Во пресрет на 21 Март - денот на екологијата и доаѓањето на пролетта, во периодот од 16 до 19 март во нашето училиште се реализираа еко-активности како дел од програмата за општествено-хуманитарна работа со учениците од 7 одделение. Активностите опфаќаат работа на пункт за собирање органски отпад, собирање и селектирање на отпад во училишниот двор, работа на компостерот, уредување на градинарски парцели и жардинери. Во активноста се приклучија и учениците

од 5 одделение, кои собираа отпад од улицата што води кон Партизански дом Сандево. Учениците од 3б и 4 одделение напишаа еко пораки со кои нè потсетија колку е важно да ја чуваме природата и да се грижиме за нашата околина.

На 26 март учениците од 4 одделение ја средуваа училишната градина. Преку игра и практика тие садеа, наводнуваа и се погрижија за растенијата. Целта на оваа активност е да се развива љубов кон природата, одговорност и тимска работа.

7 април се одбележува како светски ден на здравјето. Здравјето е најголемото богатство што го имаме, а грижата за него започнува уште од најрана возраст. Заедно со учениците, овој ден го одбележавме преку креативни и едукативни активности кои ја поттикнуваат свеста за здрав начин на живот. Учениците изработуваа цртежи на тема „Се грижам за моето здравје", при што дел од нив користеа и алатки со вештачка интелигенција за да создадат интересни и современи визуелни решенија. Со голем ентузијазам, учениците цртаа и постери со пораки за здрава исхрана, физичка активност и важноста од менталното здравје. Преку разговор и размена на идеи, научивме што значи да се живее здраво и како малите секојдневни навики прават голема разлика.

По повод 22 Април - денот на планетата Земја, учениците од VIII одделение реализираа креативна активност – фотографирање на природата околу нас. Преку нивниот објектив, тие ги доловија убавините на нашата планета – зеленилото, цвеќињата, инсектите, небото и малите детали што често ги занемаруваме. Оваа активност не само што ја поттикна нивната креативност, туку и ја зајакна свеста за значењето на зачувувањето на природата.

Учениците од III-б одделение го одбележаа светскиот ден на планетата Земја преку едукативна и креативна работилница. Преку различни активности, тие учеа за значењето на зачувувањето на животната средина, рециклирањето и грижата за нашата планета. Учениците од IV одделение изработија хамер со порака кон сите „Планетата земја е нашиот дом, таа ни дава вода, воздух и живот".

На 8 мај се реализираше акцијата „Генералка викенд 2026“ каде нашите ученици активно се вклучија со собирање отпад во училишниот двор и поблиската околина.

15 Мај – меѓународниот ден за заштита на климата, заедно со учениците го одбележавме преку велосипедска активност, испраќајќи силна порака за важноста на зачувувањето на нашата планета. Со секое завртување на педалите учиме дека малите чекори можат да направат големи промени – почист воздух, поздрава животна средина и подобра иднина за сите нас. Учениците покажаа дека се свесни, одговорни и подготвени да придонесат за заштита на климата преку избор на еколошки начин на транспорт. Активноста беше реализирана во соработка со здружението МРК Дијалог, во рамки на проектот Национален Парк Маврово #Лаб-Хаб и со поддршка од водичот за планински велосипедизам Марко Бекриќ.

На 28 мај го одбележавме светскиот ден против пушењето преку едуцирање на учениците од IX одделение за цигарите и пушењето и нивното штетно влијание во секојдневниот живот. Целта е навременото согледување на штетните состојки и загрозувањето на индивидуалното здравје од употребата на цигарите.

На 1 јуни се реализираше еднодневен излет во Парк-шумата Гази Баба каде учениците имаа можност да престојуваат во природа, да се дружат и да учествуваат во различни рекреативни и едукативни активности. Преку прошетка и набљудување на природната средина, тие ги проширија своите знаења за значењето на зелените површини и заштитата на животната средина.

Координатор: Благица Гогова

Годишен извештај
за работата на Тимот за училишна интеграција во ООУ„Александар Урдаревски"-Сандево,Скопје за учебната 2025/2026 година





	ОО
	Чучер Сандево
Директор:	Весна Вучковска
Одговорен наставник за Тимот за училишна интеграција	Николина Ѓорчевска
Контакт	02/ 2666-096 aurdarevski10@yahoo.com

ПОДАТОЦИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ	
Партнер училишта	ООУ„Михаљ Грамено"- с. Брест, ООУ „Св. Кирил и Методиј''-Кучевиште, ООУ„26 Јули''-Шуто Оризари, ООУ „Браќа Рамиз -Хамид'' -Шуто Оризари
Вклучени наставници	Александар Пирковски, Благица Гогова, Стефан Ацковски, Николина Ѓорчевска, Александар Ацески, Стефан Нешковиќ, Гордана Велкова, Сурловска, Даниела Периќ
Вклучени родители	Маја Тапарчевиќ, Љуљзиме Нухи, Сузе Левајковска, Берат Фера,
Вклучени ученици	Ученици од 5 до 9 одделени

Тимот за училишна интеграција ја планира и организира современи, успешни и ефективни воспитно-образовни активности кои ги промовираат мултиетничките и мултикултурните вредности, индивидуализираниот пристап кон учениците, позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенасочна комуникација во пријатен и поттикнувачки училишен амбиент.

Тимот за училишна интеграција реализира активности кои имаат за цел да се зголеми меѓуетничката соработка кај учениците и вработените и да се создадат односи на меѓузависност на припадниците на различните етнички заедници. Учениците од различните етнички групи да се научат на интеракција што им е потребна за живеење во Република Северна Македонија како држава со мултиетничко општество.

Во зависност од условите за работа и планираните наставни содржини, МИО активности може да се реализираат меѓу ученици од различни етнички заедници (**Заеднички активности**) и активности меѓу ученици од иста етничка заедница, но со обработување на теми кои поттикнуваат меѓуетничка интеграција на образованието (**Самостојни активности**).

МИО активности се реализирани со цел:

- запознавање и одржување на познанствата со ученици од други етнички заедници
- позитивен став кон различностите како на богатство на едно мултикултурно општество
- покажување знаења за културата и традицијата на другите етнички заедници

- полуматурантите, се запишуваат во средно училиште со веќе изграден позитивен став.

- спречување на негативното делување на етничките предрасуди на возрасните од семејството или од поширокаta заедница

Активности во кои заедно учествуваат ученици што припаѓаат на различни етнички групи, се многу важни за подобрување на меѓуетничките односи што се обременети со стереотипи и предрасуди. Преку заедничките активности во етнички мешани групи, учениците учат да комуницираат едни со други и на тој начин да се запознаваат со меѓусебните сличности и разлики, како на индивидуално, така и на групно ниво. Заедничките активности во етнички мешаните групи го обезбедуваат и неопходниот контакт со *другите,* кој може да придонесе за намалување на негативните предрасуди.

Членовите на ТУИ во текот на првото полугодие даваа поддршка на наставниците во подготовка на професионалното портфолио; направија Глобално планирање за меѓуетничка интеграција во образованието и по насоки од МОН изработија План за унапредување на МИО за Годишна програма 2025/2026 година по подрачја; водеа евиденција на целокупната документација од евалуацијата на портфолиото и се грижат за реализирање на активности кои поттикнуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Членовите на ТУИ и други наставници од нашето училиште остварија организирана заедничка работна (договорна) средба со членовите на ТУИ од ООУ„Михаљ Грамено“- с. Брест, на која се разгледа објавениот јавен повик на МОН за доделување на неповратни средства наменети на основни училишта кои во учебната 2025/2026 година ќе реализираат проекти, односно активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција.

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година, реализирани се две воннаставни краткотрајни заеднички активности со ученици од 6-то и 7-мо одделение од ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево и ОО,,Михаљ Грамено“-Блаце од албанска и македонска национална припадност. Активностите се реализираа на ден 12. 11.2025 и 19.12.2025 и се одржаа работилниците „ СОРАБОТУВАМЕ и ТВОРИМЕ преку уметност и наука“ и „ МОЈАТА ОПШТИНА -релјефна макета “ со интегрирани содржини од областа на географија, ликовно образование и математика.

Обележување на **EU CodeWeek 2025** се реализира воннаставна заедничка активност од истражувачки карактер со ученици од 7-мо одделение од ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево и ООУ,,Михаљ Грамено“-Блаце од албанска и македонска национална припадност. Учениците се ставени во улога на дистрибутери за здрава храна, кои секојдневно ги снабдуваат туристичките центри во Скопска Црна Гора конкретен производ од нивниот асортиман. За потребите на оваа

активност, посебно е дизајнирана мапа за Скопска Црна Гора според која учениците го запишуваат кодот за движење на дистрибутерите на здрава храна.

На ден 27.01.2026 се обележи Свети Сава – празник на образованието и духовноста. По тој повод, во манастирот „Св. Никита", учениците од нашето училиште кои го изучуваат изборниот предмет Јазик и култура на Србите учествуваа во кратка свечена програма, во која беше исполнета химната на Свети Сава и беа изведени рецитали. Со оваа изведба, учениците го одбележаа значењето на Свети Сава како симбол на знаењето, воспитувањето и духовните вредности.

На ден 05.02.2026 (четврток) нашето училиште учествуваше на **спортски активности** организирани од страна на општината, односно натпревари во футсал за ученици од Чучер Сандево и Шуто Оризари. Активностите од овој настан поттикнуваат и промовираат меѓуетничката интеграција помеѓу ученици од различна етничка заедница. На натпреварите учествуваа ученици од училиштата ООУ ,,Александар Урдаревски''- Сандево, ООУ ,,Св. Кирил и Методиј''-Кучевиште, ООУ,,26 Јули''-Шуто Оризари, ООУ ,,Браќа Рамиз -Хамид'' -Шуто Оризари

Во текот на учебната 2025/2026 година наставниците и учениците реализираа самостојни активности кои поттикнуваат меѓуетничка интеграција.

	Наставен предмет	одд	Наставна содржина	Наставник	период
1	Животни вештини	VIII	Работилница „Целта на Азра"- Справување со успех/неуспех	Даниела Периќ	Септември
2	Животни вештини	II	Менаџирање на слободното време„Омилени игри"	Павлинка Стоилковска	Октомври
3	Животни вештини	II	Прифаќање сличности и разлики „Бинго	Павлинка Стоилковска	Ноември
4	Животни вештини	VI	Напаѓачко однесување	Николина Ѓорчевска	Ноември

5	Животни вештини	VI	Познавање на базичните човекови права	Николина Ѓорчевска	Декември
6	Животни вештини	VI	Градење чувство за општо цивилизациска припадност	Николина Ѓорчевска	Декември
7	Животни вештини	VI	Градење позитивен однос кон својата земја	Николина Ѓорчевска	Јануари
8	Животни вештини	VIII	Работилница „Заедно до решение“-Познавање на структурата на групата	Даниела Периќ	Февруари
9	Животни вештини	II	Меѓусебно подржување и соработка „Цртаме заедно“	Павлинка Стоилковска	Февруари
10	Животни вештини	II	Градење позитивен однос кон својата земја „Децата со најубави имиња“	Павлинка Стоилковска	Март
11	Животни вештини	VI	Развивање критички однос кон медиумите	Николина Ѓорчевска	Март
12	Животни вештини	II	Водење грижа за личната хиигиена	Павлинка Стоилковска	Април
13	Животни вештини	VIII	Работилница „Зависности“-Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции	Даниела Периќ	Мај

На ден 06.04.2026 година под мотото „ Играме заедно – градиме пријателства!“ преку фудбалски натпревар со мешани екипи, учениците покажаа дека спортот е најубавиот начин за поврзување, соработка и градење пријателства без

разлика на различностите. Во духот на заедништво, почит и толеранција, по покана од ООУ,,Браќа Рамиз-Хамид" учениците од ООУ „Александар Урдаревски“ – Чучер Сандево учествуваа на спортски настан по повод Меѓународен ден на Ромите. Настанот помина во одлична атмосфера, исполнета со фер-плеј, дружење и позитивна атмосфера.

На ден 03.06.2026 година учениците од ООУ „Александар Урдаревски“ учествуваа на традиционалниот Атлетски крос 2026, заедно со учениците од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кучевиште и ООУ „Михаљ Грамено“ – Блаце. Од сите учесници, нашата ученичка Бисера Грујевска се закити со сребрен медаљ во конкуренција од трите училишта.

На ден 04.06.2026 година се одржаа Општински училишни спортски игри на кои учествуваа ученици од ООУ „Александар Урдаревски“,ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кучевиште и ООУ „Михаљ Грамено“ – Блаце. Нашите ученици освоија Прво место во фудбал (мажи) и Второ место во одбојка (жени). Овие резултати се доказ за посветеноста, трудот и спортскиот дух на нашите ученици и пример како треба да се негуваат соработката и натпреварувачкиот дух кај учениците од мултиетнички средини.

Во текот на учебната година наставниците и учениците редовно учествува на Конкурси кои поддржуваат организирање активности за меѓуетничка интеграција на образованието. Исто така големо внимание се посветува и на подготовка и учество на натпревари, каде учениците демонстрираат вешнини од најразлични вештини.

Преку овие активности учениците во нашето училиште и наставниците ги зголемија и ќе ги зголемуваат знаењата и вештините за примена на активности за меѓуетничка интеграција во наставата и воннаставните активности, а со тоа се зголемува можноста за непосреден контакт меѓу учениците кои учат на различни наставни јазици.

Подетален опис и фотографии од активностите може да се погледнат на официјалната страна на училиштето.

Одговорен наставник: Николина Ѓорчевска

ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТЕСТВЕНО ХУМАНИТАРНА РАБОТА

при ООУ„Александар Урдаревски“-Сандево, Скопје

за учебната 2025/2026 година

Наслов на проектот	**„Патот на отпадот: Од канта - До компост“**
Цели на проектот	Подигање на свеста кај учениците и пошироката заедница за придобивките од селектирање на отпад, процесот на компостирање, важноста на правилното управување со органскиот отпад и намалување на количеството на отпад што завршува на депонија.
Одговорен наставник	Николина Ѓорчевска
Ученици во проектот	Беличевски Александар Гиноска Цвете Ѓошева Јана Корбалиевски Јане Кукуновска Јана Пејковски Матеј Пешевска Михаела Пислевиќ Ангела Радевски Филип Томашевска Јана

	Џепиќ Никита
Инклузивност на проектот	Во сите активности од проектот се вклучени се вклучени две ученички со посебни образовни потреби. Ученичката Ангела Пислевиќ наставата ја следи според Индивидуален образовен план. Ученичката Михаела Пешевска наставата ја следи според Модифицирана програма. Ученичката Михаела Пешевска наставата ја следи со помош на образовен асистент

Активност	Опис на Активноста	Рок на реализација	Одговорни ученици	Вклучени ученици	Потребни ресурси	Очекувани резултати
Изработка на едукативни материјали	Изработка на ЛОГО на проектот	04.02.2025	Јана Томашевска	Филип Радевски Цвете Гиноска	Хартија, Компјутери, принтер Молив, фломастери, ножички, лепак	Изработено на ЛОГО на проектот
	Изработка на презентации за придобивките од селектирање на отпад (за помалите ученици)	10.02.2025	Беличевски Александар Гиноска Цвете Ѓошева Јана	Јана Томашевска Јана Томашевска		Изработени на презентации за придобивките од селектирање на отпад (за помалите ученици)
	Изработка на флаери за придобивките од селектирање на отпад (локалното население)	10.02.2025	Кукуновска Јана Пејковски Матеј Корбалиевски Јане	Пешевска Михаела Јана Томашевска Филип Радевски		Готови флаери за придобивките од селектирање на отпад
	Изработка на постер-презентација со целите на проектот (онлајн публика)	10.02.2025	Радевски Филип Томашевска Јана Џепиќ Никита	Пислевиќ Ангела Јана Томашевска Филип Радевски		Постер-презентација со целите на проектот
Медиумска покриеност на проектот (состанок)	Избор на лица кои кои ќе обезбедуваат фото и видео записи од реализација на проектот	11.02.2025	Сите ученици	Сите ученици	Хартија, Компјутери, проектор принтер Молив, камера(моб.тел.)	Избрани двајца ученици
Состанок	Меѓусебна презентација на изработените	11.02.2025	Сите ученици	Сите ученици		Корекција на некои презентации и

	едукативни материјали и и градење на стратегија за отпочнување на кампањата					готова план за реализација на активносите од проектот
Презентирање на тековните активности на проектот пред Наставнички совет	Презентирање на тековните активности од проектот пред наставниците и договор да презентација во секое одделение	12.02.2025	Сите ученици	Сите ученици	Хартија, Компјутери, проектор, принтер Молив, камера(моб.тел.)	Постигнат договор со наставниците за презентација во секое одделение
Презентација за придобивките од селектирање отпад пред ученици Iа- Iб, и II	Подигање на свеста кај учениците за придобивките од селектирање на отпад и процесот на компостирање	12.02.2025	Беличевски Александар Гиноска Цвете Ѓошева Јана Корбалиевски Јане	Одговорен ученик за фото и видео запис	Хартија, Компјутери, проектор, принтер Молив, камера(моб.тел.)	-Запознавање на останатите ученици од училиштето со придобивките од селектирање отпад -Масовна вклученост на учениците во селектирање отпад и собирање органски отпад
Презентација за придобивките од селектирање на отпад пред ученици IIIа- IIIб,		12.02.2025	Кукуновска Јана Пејковски Матеј Пешевска Михаела Јана Томашевска	Одговорен ученик за фото и видео запис		
Презентација за придобивките од селектирање отпад пред ученици IV и V		12.02.2025	Пислевиќ Ангела Радевски Филип Томашевска Јана Џепиќ Никита	Одговорен ученик за фото и видео запис		
Уредување на	Учениците заедно со	17.02.2025	Беличевски	Одговорен	Дрвени даски,	Готов компостер

компостерот	хаус-мајсторот го уредуваат компостерот на локација во училишниот двор		Александар Корбалиевски Јане Пејковски Матеј Радевски Филип Томашевска Јана Џепиќ Никита	ученик за фото и видео запис	Мрежа, мајсторски прибор	
Уредување на флаер за работно време на Пунктот за собирање органски отпад	Учениците прават флаер за работно време на Пунктот за собирање органски отпад	17.02.2025	Гиноска Цвете Ѓошева Јана Корбалиевски Јане Кукуновска Јана Пешевска Михаела Пислевиќ Ангела	Одговорен ученик за фото и видео запис	Хартија, Компјутери, принтер	Готови флаери
Пунктот за собирање органски отпад (Учениците од целото училиште доставуваат органски отпад)	Учениците го монтираат Пунктот пред влезот на училиштето	Секој понеделник и четврток 40 мин пред почетокот на часовите од 19.02.2026 до 18.03.2026	Беличевски Александар Корбалиевски Јане Пејковски Матеј Томашевска Јана	Одговорен ученик за фото и видео запис	-Тетратка за евиденција на собран отпад, -Клупа и постер (за уредување на Пунктот)	
	Учениците водат евиденција за собраниот отпад		Гиноска Цвете Ѓошева Јана Кукуновска Јана	Одговорен ученик за фото и видео запис	-Количка за транспорт на отпад	Масовна вклученост на учениците во селектирање отпад и собирање органски отпад
	Учениците го транспортираат собраниот отпад до компостерот		Џепиќ Никита Пешевска Михаела Пислевиќ Ангела Радевски Филип	Одговорен ученик за фото и видео запис		
ЕКО-недела	Работа околу компостерот (мешање	50 мин после	Беличевски Александар	Одговорен ученик за фото и	-Количка за транспорт на	-Уреден училишен двор

(уредување на училишниот двор во пресрет на 21ви Март- Ден на екологијата)	на материјалот и уредување на површината околу него)	часовите од 16.03.2026 до 19.03.2026	Корбалиевски Јане Пејковски Матеј	видео запис	отпад -Гребла, -Мотики, -Лопати Црево за наводнување	- селектиран отпад и дислоциран на соосветно место (канти за пластика и органскиот отпад во компостерот)
	Собирање на органски отпад од училишниот двор (шишарки, лисја, трева и сл.) и нивно пренесување во компостерот		Гиноска Цвете Ѓошева Јана Кукуновска Јана Томашевска Јана	Одговорен ученик за фото и видео запис		
	Работа околу училишната градина и цвеќиња (прекопување и залевање)		Џепиќ Никита Пешевска Михаела Пислевиќ Ангела Радевски Филип	Одговорен ученик за фото и видео запис		
Состанок	-Разговор постигнатите резултати од проектот -разгледување на фото и видео записи од проектот,избор и нивно објавување	23.03.2025	Сите ученици	Сите ученици	Хартија, Компјутери, проектор,	Споделени активности со пошироката јавност
Подготовки за патрониот празник	Работа околу компостерот (мешање на материјалот и уредување на околу него)		Беличевски Александар Корбалиевски Јане Пејковски Матеј	Одговорен ученик за фото и видео запис		
	Собирање на органски отпад од училишниот двор (шишарки, лисја, трева и сл.) и нивно	45 мин после часовите од 27.04.2026	Гиноска Цвете Ѓошева Јана Кукуновска Јана Пешевска Михаела	Одговорен ученик за фото и видео запис	Количка за транспорт на отпад -Гребла,	-Уреден училишен двор и катче за презентација на

	пренесување во компосте	до 29.04.2026			-Мотики, -Лопати Црево за наводнување	активностите од проектот
	Работа околу училишната градина и цвеќиња		Џепиќ Никита Пислевиќ Ангела			
	Изработка на благодарници за учество во проектот		Томашевска Јана Радевски Филип		Хартија, Компјутери, принтер	
Завршен настан	Свечано доделување на благодарници Патронат	30.04.2026	Сите ученици	Сите ученици	Готови благодарници	Признание за позитивно влијание кај локална заедница
Евалуација на проектот	-разгледување на постигнатите резултати - анализа на дневниците за работа (секој ученик за време на реализацијата на активностите ги документира своите искуства, предизвици и моменти на учење, водејќи дневник во кој ги запишуваат своите размислувања, согледувања и емоции и ќе ги илустрираат со	11.05.2026	Сите ученици	Сите ученици	Хартија, Компјутери, проектор, принтер Молив, камера(моб.тел.)	Предлози за ОХР наредната година

	фотографии) -Предлози за ОХР наредната година					

Годишен извештај за работата на директорот во учебната 2025/2026 година

Училиштето од Септември до Март месец во учебната 2025/2026 година беше под раководство на директорката Сузе Велковска Радевска,а потоа во месец Март 2026 година беше назначена в.д. Директорката Весна Вучковска.

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, извршува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на целокупната воспитно –образовна работа во училиштето.

Директорот активно учествува во планирањето на работата на училиштето, го води педагошкиот процес во училиштето, воспоставува организациска позитивна училишна клима и амбиент во кој ќе се реализира работниот процес и е одговорен за реализацијата на Годишната програма на училиштето.

Директорот е оној што треба најмногу да придонесе училиштето да одговори со предизвиците со кои секојдневно се среќава и да ги поддржи вработените во постигнувањето на поставените цели. Тоа, е личноста која се грижи за позитивната слика што тој и училиштето го остваат во околината. Директорот е посветен да работи во интерес на учениците и во прв план ги става нивното учење и благосостојба. Тој верува дека училиштето може да придонесе максимално да се развијат потенцијалите на учениците и посветено работи на постигнување на таа цел. Верува дека учениците сакаат да учат и дека учениците кои се заинтересирани, мотивирани, сигурни во себе, прифатени од вработените во училиштето и од соучениците може да постигнат високи резултати. Затоа директорот настојува работата

во училиштето да ја организира така што сите ученици во училиштето ќе се чувствуваат добредојдени. Темелејќи ја својата и работата на другите врз почитувањето на човековите права, свесен за различностите кај учениците и нивните родители, директорот се залага тие да бидат прифатени и почитувани од сите вработени во училиштето... Директорот во училиштето ја има главната улога и треба да гради култура на доверба и заемно почитување на вработените, учениците, родителите и поширокаата заедница. Директорот треба се води од начелото за одговорно и транспарентно работење. Тој треба да се смета себеси за одговорен за преземените акции и донесените одлуки. Работата на директорот треба да е насочена кон унапредување на сите сегменти на воспитно образовната работа и целосно остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието.

Врз основа на член 110 и член 111 став 1 од Законот за основно образование (Сл. весник 161/19, 229/20 и 3/25) Директорот на основно училиште во рамките на своите надлежности како и програмата за работа своето раководење го базираше на следните сегменти од раководењето во основното училиште:

1. ВОДСТВО

1.1. Стратешко водство
1.2. Училишна клима и култура
1.3. Соработка со родителите и заедницата

2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

2.1. Комуникација и односи со јавноста
2.2. Унапредување на меѓучовечките односи
2.3. Професионален и кариерен развој
2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање

3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

3.1. Планирање
3.2. Поддршка на наставата и учењето

3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)
3.4. Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ
4.1. Раководење со финансиските ресурси
4.2. Раководење со материјалните ресурси

5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО
5.1. Примена на законски и подзаконски акти
5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација
5.3. Раководење со административните процеси
5.4. Примена на информациските системи во училиштето

Врз основа на сето горенаведено Работата на директорот на училиштето беше насочена и ги реализира следните цели и активности :

- изготвување на сопствена програма за работа,развојна програма на училиштето како и Годишниот извештај на училиштето;
- организација на работата на училиштето: обезбедување тековни услови за работа во училиштето (ситни поправки, редовна и навремена набавка на канцелариски материјали, средства за одржување хигиена, учебници и потребна литература, наставни средства и помагала, обезбедување на ИКТ опрема и ставање во функција на истата, обезбедување стабилен оптички интернет, набавка на потребни материјали за работа), тековно одржување и сл.;

- подобрување на условите во училиштето(реновирање на тоалети на горниот кат, реновирање на фискултурната сала , увид во работите за доградба на училиштето), реновирање на библиотеката , хортикултурно уредување на

предниот и задниот дел од училишниот двор, набавка на мебел за сите училници од одделенска настава и мебел за дневен престој,набавка на ИТ опрема, поставување пристапни рампи, набавка на завеси за сите училници

- административно-организациони работи;
- распоред на часови
- организирање хуманитарни акции за ученици од социјално ранливите семејства
- организирање на Патрониот празник на училиштето во живо со учениците од 1 до 9 одд, родителите градоначалникот на општината, претставници од локалната самоуправа,донатори и општествено одговорни компании и лица,директори на други училишта и институции во општината
- со поддршка од општина Чучер Сандево и скопски Плански Регион набавени се 4 смарт табли,
- Преку проектот Песталоци поставени се две пристапни рампи на влезот на училиштето и опремена ресурсна соба
- тековно одржување на видео надзорот;
- осигурување на имот, осигурување на ученици и вработени,
- следење на работата на наставниците и другите вработени; работата на наставниците: наставни планови и програми, наставните часови, работата на стручни активи, јавна и културна дејност, професионално усовршување на наставниците , следење на приправници, континуирано следење на пополнување на е- дневникот, одделенски дневник, главните книги. Посета на часови, следење на часови, предавања. Следење на работата на технички персонал.
- Следење на работата на социолог, библиотекарот и специјален едукатор и рехабилитатор
- следење на работата на технички персонал и парноложачот;
- сопствено професионално усовршување преку посета на семинари, работни посети во земјава, вебинари;
- редовно свикување на одделенски и наставнички совет, планирање и водење на истите;
- следење и вршење увид во финансиското работење на училиштето и реализирани јавни набавки;
- соработка и комуникација со вработените, учениците, родителите и други субјекти;
- континуирана соработка со општина Чучер-Сандево, со градоначалник на Општина Чучер-Сандево , со основните училишта на ниво на општината, со Секторот за образование на Општина Чучер-Сандево, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, МОН, БРО ДИЦ, ДПИ, полиција;

- давање насоки и увид и во изготвување на податоци за веб страната;
- следење и информирање за измени во закони и други прописи;
- работа со Советот на родители (тековно информирање за работата на училиштето: запознавање со годишната програма за работа на училиштето, запознавање со извештаите за работата на училиштето од сите квалификациони периоди, организација и соработка при реализација на програмата...);
- соработка со УО, со МОН и БРО, општина и други стручни институции во градот, невладини организации, невладиниот сектор;
- решавање тековни проблеми- ученици, наставници, родители;
- работа на еко проект; организирање еко акции во училиштето и околината
- размена на искуства и информации со други директори- организирани состаноци;
- поддршка и организација на програмата за грижа за здравјето на учениците и вработените;
- поддршка и овозможување учества на натпревари, посети и сл.;
- организирање и изготвување алманах , табло и прослава за полуматурантите по предлог на родителите од деветтите одделенија;
- организирање изготвување училишен весник на училиштето;
- организирање на хуманитарен есенски хепенинг
- Организирање на предновогодишен хепенинг(приредба и базар)
- Организирање спортски забавни игри по повод празникот Велигден и пролетта
- Организирање на прослава по повод Нова Година и поделба на пакетчиња во соработка со општината и градоначалникот
- организирање на работата на наставниот кадар следење на планирањата и ре,ализацијата на наставата
- секојдневно следење на состојбата со хигиената во училиштето, лоцирање на дефекти и навремено отстранување на истите, како и почитување на протоколите од страна на сите вработени и ученици во училиштето;
- набавка на книги и изготвување пофалници за полуматурантите кои покажале континуиран одличен успех од прво до деветто одделение и наградување на првенецот на генерацијата;

- организирање редовен попис, редовно извршување на ДДД, редовна контрола и полнење на ПП апарати и хидранти...
- соработка со ОУРЦ,, Иднина''
- Континуирана соработка со Српскиот културно информативен центар СПОНА
- Остварена соработка со повеќе писатели од земјава и регионот
- Континуирана соработка со Црвен крст
- Континуирана соработка со АЦТ Македонија
- Континуирана соработка со Фондацијата Песталоци

Годишен извештај на стручниот соработник – социолог за учебната 2025/2026 година

Реализирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Постигнати цели и остварени ефекти**
ПОДРАЧЈЕ 1: РАБОТА СО УЧЕНИЦИ			
Организација и реализација на различни видови индивидуална и групна работа со учениците за прашања поврзани со учењето, успехот, дисциплината и системот на вредности	Во текот на цела учебна година	Социолог, наставници	Обезбедена континуирана поддршка на учениците, развиени позитивни ставови и вредности и подобрени социјални и комуникациски вештини.
Следење, идентификација и работа со ученици кои имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината	Во текот на цела учебна година	Стручна служба, наставници	Навремено идентификувани ученици во ризик и преземени мерки за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината.

Реализирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Постигнати цели и остварени ефекти
Следење, идентификација и работа со ученици кои имаат проблеми со планирање на слободното време, прилагодувањето и асоцијалноста	Во текот на цела учебна година	Стручна служба, наставници	Подобрена адаптација, социјализација и активно вклучување на учениците во училишниот живот.
Прибирање информации за работата и однесувањето на учениците преку следење на наставата	Во текот на цела учебна година	Наставници	Обезбедени релевантни податоци за планирање на воспитно-образовни интервенции и поддршка.
Реализирани работилници и активности за превенција на зависности, стрес, насилство, булинг, дискриминација и сл.	Во текот на цела учебна година	Ученици, стручна служба	Подигната свест за здрави животни навики и превенција од ризични облици на однесување.
ПОДРАЧЈЕ 2: РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ			
Следење на наставата и давање повратни информации на наставниците	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Подобрена соработка со наставниците и унапредување на воспитно-образовниот процес.
Учество во работата на инклузивниот тим	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба, родители на деца со ПОП	Обезбедена поддршка за учениците со ПОП и подобрена инклузивната практика во училиштето.
Набљудување на однесувањето на учениците и давање повратни информации за подобрување на социо-емоционалната клима	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Подобрени меѓучовечки односи и позитивна клима во паралелките.
ПОДРАЧЈЕ 3: РАБОТА СО РОДИТЕЛИ			
Советување на родители	Во текот на цела учебна година	Наставници, родители	Зајакната соработката помеѓу училиштето и семејството во интерес на учениците.
Информирање на родителите за услугите	Во текот на цела	Родители	Подобрена информираност на родителите за

Реализирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Постигнати цели и остварени ефекти
што ги нуди училиштето	учебна година		можностите за поддршка на учениците.
Индивидуални средби со родители за надминување на проблеми поврзани со успехот и дисциплината	Во текот на цела учебна година	Наставници, родители	Заеднички преземени мерки за подобрување на воспитно-образовните резултати на учениците.
Преземање превентивни мерки со родителите за спречување на негативни влијанија и надминување на тешкотии	Во текот на цела учебна година	Родители	Подобрена родителска поддршка и намалување на ризик-факторите кај учениците.
ПОДРАЧЈЕ 4: СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА			
Учество во планирање, реализација и следење на активности меѓу училиштето и заедницата	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Зајакната соработката со локалната заедница и збогатени воспитно-образовните искуства на учениците.
Соработка со релевантни институции	Во текот на цела учебна година	Црвен крст Чаир, ЈУ МЦСР, Поликлиника Чаир	Обезбедена стручна и институционална поддршка за учениците и нивните семејства.
ПОДРАЧЈЕ 5: ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА			
Учество во работата на тимот за професионален развој	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Поддржан професионалниот развој и размената на добри практики.
Упатување на наставниците да користат различни ресурси за осовременување на наставниот процес	Во текот на цела учебна година	Наставници	Поттикната примена на современи наставни методи и ресурси.
Следење и евидентирање на професионалниот развој на наставниците	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Обезбедена систематска евиденција и следење на професионалното усовршување.
Лично професионално усовршување преку учество на обуки, семинари, вебинари и	Во текот на цела учебна година	Социолог, акредитирани	Унапредени професионалните компетенции и стекнати нови знаења и вештини.

Реализирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Постигнати цели и остварени ефекти
конференции		институции и организации	
ПОДРАЧЈЕ 6: АНАЛИТИЧКО–ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА			
Изработка на прегледи, анализи и извештаи за успехот, поведението, редовноста и напредувањето на учениците	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Обезбедени показатели за следење и унапредување на воспитно-образовниот процес.
Водење и ажурирање на евиденција и статистички податоци	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Обезбедена точна и навремена документација за потребите на училиштето.
Спроведување анкетни истражувања и обработка на податоци	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба, ученици	Добиени релевантни информации за планирање и подобрување на работата на училиштето.
ПОДРАЧЈЕ 7: УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА			
Учество во изготвувањето на Развојна програма и Годишна програма за работа на училиштето	Мај, Јуни, Јули 2026	Наставници, стручна служба	Даден придонес во стратешкото планирање и развојот на училиштето.
Учество во организацијата на работата во училиштето (распоред, календар, распределба на ученици, планирање и програмирање)	Септември 2025	Наставници, стручна служба	Обезбедена навремена и ефикасна организација на воспитно-образовниот процес.
Организација и учество во работата на Ученички парламент	Во текот на цела учебна година	Членови на ученички парламент	Поттикнато ученичкото учество, одговорност и демократско одлучување.
Учество во изработка на Самоевалуација 2024–2026	Мај–Јуни 2026	Наставници, стручна служба	Обезбедени показатели за квалитетот на работата и насоки за понатамошен развој.

Реализирана програмска активност	Време на реализација	Реализатор	Постигнати цели и остварени ефекти
Учество во организирање хуманитарни акции за помош на ученици од социјално ранливи категории	Во текот на цела учебна година	Наставници, стручна служба	Развиена хуманост, солидарност и општествена одговорност кај учениците.
Учество во изработка на Годишен извештај на училиштето	Јуни 2026	Стручна служба, директор	Изготвен сеопфатен преглед на реализираните активности и постигнатите резултати на училиштето.

Стручен соработник социолог – Гордана Поповска Чанговска

Годишен извештај за работата на стручниот соработник-библиотекар за учебната 2025/2026 година

Реализираните активности на библиотекарот во текот на учебната 2025/2026 год. произлегоа од планираните активности согласно со Програмата за работа на библиотекарот, како и од активностите поврзани со тековните потреби на наставниот процес и работата на библиотекарот. Во целост активностите на библиотекарот се поврзани со стручно – библиотечната и културно – јавната функција на училишната библиотека, како и воспитно-образовната дејност на училиштето. Библиотекарот ги реализираше следниве активности:

- Уредување на просторот на училишната библиотека;

- Прием на бесплатни учебници од проектот на Министерството за образование и наука и ажурирање на податоците во записници за прием на учебниците;
- Печатирање и доделување на учебниците на одделенските раководители, односно на учениците и евидентирање на соодветните податоци во записниците за доделување на учебниците;
- Следење на состојбата за оштетени учебници и нивна соодветна замена со нови учебници;
- Зачленување на членовите на училишната библиотека и запознавање со правилата и обврските на користење на книжниот фонд во училишната библиотека;
- Вршење на библиотекарски услуги на учениците и наставниците и уредно водење на библиотечната евиденција и документација за вршење на библиотекарски услуги;
- Иницијатива, водење и директно ангажирање за расчистување и средување на библиотеката и други помошни простории со неупотребливи и употребливи учебници;
- Изнајмување книги на учениците и наставниците;
- Преорганизација на книжниот фонд;
- Планирање за набавка на лектирни изданија и стручна литература;
- Евиденција (печатирање,инвертарирање и сигнирање) на новонабавени и подарени книги;
- Пласирање на детски списанија „Росица“ „Другарче“;
- Одржување редовни состаноци со членовите на библиотекарската секцијата во просториите на училишната библиотека и реализација на програмските содржини;
- Присуство и учество на одделенските и наставничките совети како записничар;
- Инструктивна групна и индивидуална работа на учениците поврзана со изнајмените прочитани книги преку усна и писмена форма (препишување, раскажување, илустрација на прочитана содржина, рецитација, разработка на содржина и сл.)
- Примена на современи форми и методи на работа на училишната библиотека, односно организирани часови и предавања во библиотеката согласно со програмски содржини;

- Грижа за збогатување на книжниот фонд на библиотеката преку организирање на собирна акција во којашто учествуваат ученици, родители и наставници и организирање на собирна акција по моја иницијатива;
- Член на Тимот за самоевалуација;
- Посета на обуки, семинари и предавања на теми од формалното и неформалното образование;
- Нудење стручно-инструктивна поддршка на останатите стручни соработници и наставниците;
- Соработка со родителите и локалната средина преку разговори и медумска афирмација на училиштето;
- Замена за отсутни наставници на редовните часови преку реализација на програмски содржини на библиотекар (на пр.: пишување писмен состав, поттикнувањена љубов кон пишаниот збор и читањето)
- Соработка со локалната самоуправа, надлежни институции и локалната заедница
- Поддршка при оганизирање на Предновогодишни приредби, приредби по повод Патрониот празник на училиштето;
- Одбележување на државните празници со читање на реферати;
- Месечно информирање за невратени книги;
- Евиденција на невратените позајмени книги во училишната библиотека;
- Организирање динамика на активности за враќањето учебници и водење електронска евиденција за истите (записници и формулари за враќање на учебниците)
- Соработка со издавачки куќи и организирање средби со наши писатели;
- Реализирање на работилници (обработка на лектири) во одделенска и предметна настава.

Стручен соработник- библиотекар, Маја Тапарчевиќ

Извештај од работата на училишниот одбор во учебната 2025/26 година

Училишниот одбор како орган на управување на училиштето своите седници ги одржува согласно потребите кои произлегуваат од работата на училиштето. Во учебната 2025/26 година одржани се вкупно 14 седница и сите се одржани со мнозинство членови. Седниците беа одржани со физичко присуство. Претседателот на УО ги закажува седниците три дена пред почетокот на седницата, по електронски пат и воедно им го доставува дневниот ред и потребниот материјал за работа на седницата на сите членови. Оваа учебна година на седниците присуствуваа и ученици претставници од ученичкиот парламент. На одржаните седници УО ја усвои Годишната програма на училиштето, Донесе одлуки за разни потреби поврзани со квалитетно функционирање на работата во училиштето, како на пример одлуки за формирање на разни комисии составени од наставниците и сл. УО во секој квартал од учебната година го разгледуваше и усвои успехот и поведението на учениците. Го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2025/26 година. УО ги разгледа документите за прием на наставници доставени по оглас и до директорот даде мислење за прием на работници по објавениот оглас. Потоа ги предложи и усвои Финансовиот план и Планот за јавни набавки за 2026 година до основачот, ја усвои завршната сметка на училиштето и ја достави до основачот. **Училишниот одбор** беше во постојана соработка и комуникација со директорот на училиштето и локалната самоуправа, а сето тоа овозможи управувањето и раководењето на училиштето да биде на професионално ниво и во интерес на самото училиште. За спроведените активности постојат записници и одлуки во правна служба.

Годишен извештај од работата на наставничкиот и одделенскиот совет во учебната 2025/26 година

Во текот на учебната 2025/26 година одржани се 4 Одделенски совети за одделенска настава и 5 одделенски совети за предметна настава. На состаноците се разгледуваше успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот материјал, изостаноци и поведение.

Оддржани се 13 Наставнички совети, 9 во текот на првото полугодие и 4 во текот на второто полугодие. На состаноците се усвојуваше успехот и поведението на учениците, реализацијата на наставниот материјал, изостаноци, поведение на учениците и тековните работи поврзани со наставата.Во текот на годината на Наставнички совет согласно процедурата, се изрекуваaа педагошки мерки на учениците. На состаноците на наставнички совет во учебната 2025/26 година беа определени ментори за приправници. Исто така наставничкиот совет донесе Одлука за давање предлог за полагање на приправнички испит за наставниците приправници. На Наставнички совет се организираа сите тимови и комисии за работа за учебната 2025/26 год. Согласно правилникот за награди и пофалби беше прогласен и првенец на генерација.

Стручни активи

Во училиштето во текот на учебната година работеше и **стручен актив** на одделенската настава, стручен актив на природно-математичка група предмети и стручен актив на општествено-јазична група предмети.

- Одделенски стручен актив: Гордана Димитриева
- Општествено-јазичен актив: Александра Ѓаковиќ
- Природно-математички актив: Гордана Велкова

ЗА РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКАТА ГРУПА НА ПРЕДМЕТИ
за учебната 2025/26 ГОДИНА

Стучниот актив на природно-математичката група на предмети: Математика, Физика, Географија, Биологија, Хемија, Техничко образование и Информатика, чии членови се Николина Ѓорчевска, Гордана Велкова, Сузана Станиќевска, Благица Гогова, Валентина Пешевска, Маја Видиновска оствари соработка, дискусии, осврти и анализи на годишниот план на стручниот актив. Во текот на годишната работа во учебната 2025/2026 година активот се состануваше еднаш месечно, а по потреба и повеќе пати и содржините кои се внесени во програмата се реализирани во целост . Во учебната 2025/26 година стручниот актив за природно-математичка група предмети одржа 12 состаноци на кои се разгледуваа тековни настани и се решаваа тековни проблеми, во согласност со програмата за работа на активот. Состаноците се реализираа со претходен договор на наставниците од активот, согласно предвидената програма за работа и дополнителни состаноци според потребите на наставниците.

НАСТАВНИ ТЕМИ	РЕАЛИЗАТОР	РЕАЛИЗАЦИЈА

Разгледување на наставните програми за Математика, Биологија, Хемија, Физика, Географија, Природни науки и Техничко образование и Информатика за 6., 7., 8. и 9.одделение; Прибирање и изрзботка на нагледни средства ; Изготвување на интегрирани планирања во склоп на програмите за ЕКО-едукација, МИО и програма за интеграција на содржини за самозаштита.	Сите членови на активот	18.08.2025 год.
Разгледување на годишната програма на училиштето; Разгледување на програмата за работа на стручниот актив за природната група предмети	Сите членови на активот	29.08.2025 год.
Планирање и изработка на програма за дополнителна и додатна настава. Презентација на акциско истражување на тема „Користење на формативното оценување за поттикнување на самодовербата и мотивацијата за учење“	Сите членови на активот	23.09.2025 год.
Водење на педагошка евиденција; Одредување на термини за писмени задачи, контролни вежби и тестови.	Сите членови на активот	21.10.2025 год.
Анализа на постигнатите резултати на учениците во првото тримесечие од учебната година ; Конструкции во врска со реализацијата на редовната настава; Предлог мерки за подобрување на успехот онаму каде што истиот е послаб. Практичен час по математика „Делење децимални броеви“	Членови на активот Гордана Велкова	11.11.2025 год.
Соработка со наставници по другите наставни предмети; Елаборирање на искуства при реализација на воннаставните активности; Насоки за реализација на наставата според ИОП/Модифицирана програма.	Сите членови на активот	11.12.2025 год.

Анализа на полугодишните резултати од наставната работа ; Усвојување извештај за работата на стручниот актив за првото полугодие; План и распоред за организација и реализација на општински натпревари.	Сите членови на активот	13.01.2026 год.
Учество, резултати и споделување искуства од одржаните натпревари; Презентација на активности за обележување на „Недела на информатиката“	Членови на активот	18.02.2026 год.
План и распоред за организација и реализација на регионални натпревари; Презентација на планот и распоредот на реализација на активностите од проектот „Од канта до компост“ како дел од општествено-хуманитарната работа на учениците од 7.одд.	Членови на активот	18.03.2026 год.
Согледување на постигнатите резултати од реализираните натпревари; Обележување на „Светскиот ден на планетата Земја“.	Членови на активот	15.04.2026 год.
Споделување искуства и презентација на резултати од учество на научен саем; Практичен час по математика во корелација со биологија, со наставна содржина „Примена на комбинаторика и веројатност во научни истражувања; Активности по повод „Генералка викенд 2026.“	Членови на активот Николина Ѓорчевска Валентина Пешевска	13.05.2026 год.
Презентација на резултати од државен натпревар по биологија; Приговор од наставник-ментор по биологија Валентина Пешевска до Комисија за избор на првенец на генерација; Анализа на постигнатиот успех на крајот на учебната година и реализација на наставната програма; Изработка на годишен извештај за работата на стручниот актив за учебната 2025/2026 година.	Членови на активот	09.06.2026 год.

Одговорен наставник: Гордана Велкова

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работа на стручниот актив – Општествено јазичен актив

Учебна година: 2025/2026

Во согласност со Годишната програма за работа на Општествено-јазичен актив и годишниот план на училиштето, во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани повеќе стручни, воспитно-образовни и хуманитарни активности. Активот континуирано работеше на унапредување на наставната практика, професионалниот развој на наставниците и социјалната вклученост на учениците.
Во текот на годината се одржаа редовни состаноци на активот (најмалку еден месечно), на кои се дискутираа:

Планови и програми по предмети во рамки на активот (македонски, граѓанско образование, српски, ликовно , француски , физичко, англиски , историја , германски итн.).
Професионален развој преку следење на интерни и екстерни предавања.
Стручни предавања:

Датум Тема на предавање Предавач

20.09.2025- Развивање и комуникациски и социјални вештини преку наставата по јазик- Наставник Валентина Сурловска.
01.10.2025 – Дисциплината кај учениците во училиштето- Наставник Александра Ѓаковиќ
05.10.2025- Физичката активност во училиштето- Наставник Александар Пирковски
10.11.2025- Се што треба да знаете за онлајн наставата- Наставниик Андријана Шегмановиќ
22.01.2026-Спортот кај младите ученици- Наставник Стефан Ацковски

3. Надгледни часови

Одржани се седум отворени – надгледни часови, по различни предмети од активот, при што наставниците споделија примери од добра практика.

Датум Наставник Предмет Тема на часот
24.09.2025 Историја Весна Вучковска- Македонија во првата светска војна
02.10.2025 Граѓанско Ирена Јошевска- Припадонст во заедницата
14.11.2025 Ликовоно Стефан Нешковиќ- Сликање и сликарски техники- примарни и секундарни бои во кругот на боите
15.12.202 Историја Дамјан Митовски – Дејноста на Сб, Климент и Св. Наум
18.12.2025 Германски јазик- Жозефина Томашевска-Повторување на темата
23.01.2026 Англиски јазик- Даниела Периќ- Контрастирање сегашни времиња
12.02.2026Музичко Игор Беличански – Инструменти со клавијатура
12.03.2026 Физичко и здравствено обр.- Александар Ацески- Висење и нижење на разбој.
14.04.2026- Македонски јазик- Сузана Левајковска- Целни зависносложени реченици
12.05.2026- Македонски јазик- Зорица димитриевска- Пршевска- Обработка на текст- "Малото отровно змијулче"

4. Реализирани хуманитарни и општествени активности

Ученици и наставници собираа храна, облека и хигиенски производи за семејства во социјален ризик.
Обележување на 10 декември – Ден на човековите права
Ученици идентификуваа проблеми во нивното маало и презентираа идеи за подобрување.
Соработка со Црвен крст и Општината
Информативни средби и презентации за волонтеризам и социјална одговорност.

5. Соработка и професионален развој

Наставниците од активот активно учествуваа во:

Наставнички совети и обуки на ниво на училиште;

Општински и регионални настани;

Крос-контакт со други стручни активи (јазичен, природен, уметнички и др.);

Интерна соработка со стручната служба (педагог, психолог, дефектолог).

6. Заклучок
Работата на Општествено јазичниот актив во учебната 2025/2026 година се одвиваше во позитивна и професионална атмосфера, со висок степен на соработка и ангажираност на членовите. Реализираните активности значително придонесоа за:
развој на критичко размислување и граѓански вредности кај учениците,
хуманизам и емпатија преку учество во општествени иницијативи,
професионален раст на наставниот кадар,
поддршка на социјално загрозени категории.

Одговорен наставник : Александра Ѓаковиќ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ЗА УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА

Во текот на учебната 2025/2026 година Стручниот актив во одделенска настава успешно ги реализираше најголемиот дел од планираните активности предвидени со Годишната програма за работа.
Беа реализирани работилници со ученици и родители, посети на културно-историски знаменитости, предавања од стручни лица, еколошки активности, меѓуодделенски натпревари и активности за одбележување на значајни датуми и празници. Исто така, беа спроведени анализи на успехот, поведението и оценувањето на учениците, како и размена на добри наставни практики меѓу наставниците.
Со реализацијата на активностите се придонесе за подобрување на квалитетот на наставата, јакнење на соработката со родителите и поттикнување на активното учество на учениците во воспитно-образовниот процес.

Одговорен наставник :
Гордана Димитриева

Годишниот извештај за учебната 2025/2026 година го изработија:

- Гордана Чанговска –стручен соработник социолог
- Ана Радосављевиќ – специјален едукатор и рехабилитатор

Датум и потпис на директор

23.06.2025

Весна Вучковска

Потпис на претседател на УО

Марина Пршевска